Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
TRAJKO ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. Nr. 04 – 57/1
22.01 2021 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 76-а, 76-б, 76-в, член 77-а став 1 и став 2, член 77-б, 77-в, 77 – г и член 77 – д од Законот за култура, а во врска со Одлуката за потреба од работници со објавување на оглас **Бр. 04- 57/1** од **18.01.2021** година, врз основа на член 22 од Законот за работни односи (''Службен весник на Р.М. бр. 62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13,170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 – 648/3** од **14.10.2019** година и Согласност од Министерство за финансии **број 18 – 8282/2; 18-8283/2; 18-8285/2 и 18-8286/2 од 22.12.2020 година** на ден **22.01.2021** година се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**За вработување на неопределено време на пет (5) извршители и тоа:**

**1.** - (1) едно лице на работното место - **Суфлер,** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Г03 010**, на неопределено време, со полно работно време (40 работни часа неделно од 08 : 30 – 16 : 30 часот), месечната нето плата без минат труд ќе изнесува **24.656,00** денари, со завршено Средно образование – гимназиско, Високо-Образование, Наука за јазикот (лингвистика), Наука за книжевност **Со/без работно искуство во струката.**

**2.** -(1) едно лице на работното место - **Испициент - асистент со Познавање на албански јазик,** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Б02 009**, на неопределено време, со полно работно време. со завршено Драмски уметности, Наука за јазик (лингвистика), Наука за книжевност, најмалку 1 (една) година работно искуство во струката.
(40 работни часа неделно од 08 : 30 – 16 : 30 часот ), месечната нето плата без минат труд ќе изнесува **32.092,00** денари.

**3**. -(1) едно лице на работното место - **Сценограф - асистент,** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Б02 004** , на неопределено време, со полно работно време со завршено Високо- Архитектура, урбнизам и планирање, најмалку 1 (една) година работно искуство во струката.
(40 работни часа неделно од 08 : 30 – 16 : 30 часот ), месечната нето плата без минат труд ќе изнесува **32.092,00** денари.

**4.** --(1) едно лице на работното место - **Друг соработник во културата,** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Г03 013**, на неопределено време, со полно работно време со завршено Средно образование техничко, Високо-Наука за јазикот (лингвистика), Образование
(40 работни часа неделно од 08 : 30 – 16 : 30 часот ), месечната нето плата без минат труд ќе изнесува **24.656,00** денари. **Со/без работно искуство во струката.**

**5. --**(1) едно лице на работното место - **Друг работник за реквизита и фундуси,** со шифра на работно место **КУЛ 04 05 Б01 009**, на неопределено време, со полно работно време
(40 работни часа неделно од 08 : 30 – 16 : 30 часот ), месечната нето плата без минат труд ќе изнесува **23.739,00** денари. Со завршено Средно образование.
**Со/без работно искуство во струката.**

Кон пријавата кандидатот потребно е да достави:

- Доказ за завршено соодветно образование (свидетелство, диплома, уверение), оригинал или копија заверена кај нотар.
- Уверение за државјанство, оригинал или копија заверена кај нотар.
- Лекарско уверение.
- Доказ дека не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Доказ за работното искуство (Доколку е потребно - Преглед од Фондот на ПИОМ и Хисторијат од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија)

Пријавата за вработување особено содржи:

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивационо писмо;

-Кратка биографија

Рокот за доставување на документите е 15 дена, сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот.

Постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде разгледувана.
Пријавата со потребните документи да се достават до Национална установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' - Куманово
Пл. Маршал Тито бр. 3 1300 Куманово.
Тел 031/415 - 099
1300 Куманово

Директор,

Сашо Тодоровски